# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1960 10 MAY 2024 FREE





FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


# СДСМ И ДУИ ОДАТ ВО ОПОЗИЦИЈА: ТРИУМФАЛНА ПОБЕДА НА ВМРО-ДПМНЕ



| Коалиција | Мандати | Гласови | % |
|---|---|---|---|
| 2. Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" ВМРО- ДПМНЕ | 59 мандати | 418.973 | 43,16% |
| 4. Коалиција "ЕВРОПСКИ ФРОНТ" | 19 мандати | 135.986 | 14,01% |
| 1. КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА - СДСМ | 18 мандати | 148.232 | 15,27% |
| 6. КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | 13 мандати | 105.777 | 10,90% |
| 5. Политичка Партија ЛЕВИЦА | 6 мандати | 65.660 | 6,76% |
| 7. Движење ЗНАМ - За Наша Македонија | 5 мандати | 51.781 | 5,33% |

## ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА ЌЕ СТАНЕ ПРВА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА МАКЕДОНИЈА



Стево Пендаровски
247.178 | 29,26%



Гордана Сиљановска Давкова
549.903 | 65,11%



## „АСТРАЗЕНЕКА" ЈА ПОВЛЕЧЕ ВАКЦИНАТА ПРОТИВ КОВИД ШИРУМ СВЕТОТ

## НАСКОРО НОВА ПЕСНА НА КАЈЛА



# Величенствена литија со моштите на свети Георгиј Победоносец низ улиците на Струга

Со раскошно украсени епитафи и торжества, моштите на свети Георгиј Победоносец поминаа во традиционалната ѓурѓовденска литија низ Струга, која секоја година на 7 мај го осветува градот.

Покрај чудотворната икона на светецот годинава беше носена и Крнинската икона на Богородица. Чудотворните икони беа носени од угледни граѓани, предводени од локалното свештенство и братството од Бигорски, како и сестринствата од манастирите во дебарска Рајчица и кичевска Пречиста, секако придружувани од голем број верници.

На чело на еордијата беше це-ремонијално полициско возило, кое на симболичен начин го одбележува чествувањето на свети великомаченик Георгиј како покровител на полициските и безбедносни сили. По возилото а пред литијата дефилираше коњаник, облечен во римска трибунска воена облека, кој во раката наместо оружје редовно носи палмов лист како симбол на мирот што го најавува и го шири.

Дел од еордијата беа и митрополитот дебарско-кичевски г. Тимотеј, како и епископите антаниски г. Партениј и викарниот епископ од Скопската епархија г. Давид (поранешен епископ стобиски во ПОА).

Моштите беа придружувани од четворица капетани од сејменската гарда на Бигорскиот манастир, облечени во традиционална мијачка носија, со сејменски ќостек на градите, на којшто е претставен ликот на свети Јован Крстител.

Зад сердарите се движеше сејменската гарда, чии членови, исто така, беа облечени во традиционални мијачки носии, со ќостек на градите со ликот на свети Георгиј Победоносец.

На литијата и претходеше богослужбата во храмот „Св. Георгиј“ по што верниците ги исполнија улиците на Струга, кејот на реката Црн Дрим и чаршијата.

На крај настанот се заврши со мини-концерт на најмладите, учествуваа КУД „Бисер“ од Кичево, се пееја каланди од хорот „Митрополит Козма Пречистански“, со голема радост на присутните.













AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
PUBLISHED BY:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au






# Триумфални победи на ВМРО-ДПМНЕ и Силјановска Давкова

**ДВОЈНИ ИЗБОРИ 2024**

## Македонија доби даскали (универзитетски професори) за премиер и претседателка - уникатна можност да си ги среди знаењето и поведението

**Силјановска Давкова: Не е време за поделби и за вета туку за помагање и поддршка**

- Има ли поголема промена од тоа за прв пат во оваа држава жена да стане претседател? Има ли поголема инспирација за умните жени? Нема. Држете ме за збор дека кога ќе се опкружам со жени слични на мене тоа за мене е исчекор, тоа е реформски чекор.

Но ова не е време за поделби, фалби и триумфализам туку мора сите да се обидеме да ставиме крај на балканизацијата, да се обидеме да помагаме едни на други. Во политиката не можете да се однесувате со емоции туку рационално. Затоа ние мораме меѓу себе да се разбираме, да се помагаме, да не посегаме по вето туку да посегаме по поддршка. Во политиката мора да оставите простор за идниот ден. Ако не ги мерите зборовите тогаш утре тешко ќе влезете во дијалог. Кај нас срамот одамна го нема и едвај ги чекам оценките за изборите затоа што ниту едни избори досега не биле оценети како фер и демократски туку како добро и ефикасно спроведен. Да ги почекаме резултатите но еве јас од овде тврдам дека ќе се однесувам како претседателка на сите граѓани.

**Пендаровски: Се враќам да бидам универзитетски професор**

- Резултатите се јасни и немам намера подетално да ги образложувам. Сакам да им честитам на победниците и да им посакам успешна работа во следните четири односно пет години. Стотина илјади наши граѓани денес беа систематски оневозможувани поради нечии партиски и лични интереси (мисли на ДУИ) да земат второ ливче. Мојот концепт за мултиетничка Македонија, целосно интегрирана во евро-атлантските процедури за жал не доби поддршка од граѓаните. Меѓутоа јас сум длабоко уверен дека само таква Македонија може да биде просперитетна и демократска држава.

Ќе се вратам на факултетот, односно на универзитет каде што бев порано.



## Мицкоски: Падна криминалот, корупцијата, неспособноста, тендерите, одземената држава, непотизмот...

- Успеавме, успеавме! Имаме причина за славење! Победи Македонија, историска победа на народот! Поразени се предавствата и поделбата. Тие стотина луѓе од ДУИ и СДСМ кои мислеа дека се господари на нашите животи, нив денеска ги боли главата, има и зошто, ќе одговараат до последниот. Секој кој направил криминал и спровел корупција, мора да има одговорност која што ќе се темели на правда и закони. Поразен е и бојкотот на ДУИ. Народот покажа дека нема да дозволи поединци да создаваат кризи и преку институции да се штитат себеси, а ДУИ покажаа дека се најмалку партија која се грижи за Македонија и станаа силно криминализирана структура. Се им се удри од глава и на крај се избојкотираа самите себеси, време е да одат заедно со СДСМ во опозиција. Народот ја одржа најважната лекција кон власта и си ја спаси државата, рече идниот премиер Христијан Мицкоски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

Додаде дека има намера да разговара со „Вреди", ЗНАМ и Левица и да види што е тоа што може да биде точка на поврзување.

- Тоа не значи дека сите тие би биле дел од идната влада, заклучи Мицкоски.

**Апасиев: Ги чека пекол во Собранието, имаме шест се бориме за седум пратеници**

- Успеавме - кутната е црвената буржоазија на СДС под 20 пратеници. Друга значајна победа - преполовен е проектот ЗНАМ на половина од претседателските избори. Овој изборен систем повторно не краде, затоа што некаде водиме пред ЗНАМ-со 4.000 гласа, а имаме ист број на пратеници. Тоа ќе биде првото барање на Левица, воведување на една изборна единица. Им се заблагодарувам на сите активисти кои не потклекнаа на малодушноста и најавувам дека ќе продожиме пет пати посилно од сега, оти секој наш пратеник вреди колку 10 нивни. Да знаат дека ги чека пекол во собранието со нашите борбени пратеници, рече Апасиев.

На гласањето што се одржа на 8 мај право на глас имаа **1.814.317** бирачи за избор на претседател на државата и **1.815.350** за избор на пратеници. По обработени 98.50% од избирачките места ДИК објави дека излезноста на претседателските избори била **47.35%** а на парламентарните **55.34%** (над 130.000 не гласале за претседател).

**Гордана Силјановска Давкова** ќе ја преземе функцијата претседател на државата по 12 мај. Новото Собрание се конституира најдоцна 20 дена по одржаните избори. Десет дена потоа е крајниот рок за претседателката на државата да му го предаде мандатот на **Христијан Мицкоски** а пак тој има рок од 20 дена да состави кабинет. Се очекува владина коалиција од барем 77 пратеници (ВМРО-ДПМНЕ, "Вреди" и ЗНАМ).

Дали ДУИ ќе може да уценува со Бадинтеровото мнозинство ќе видиме откако ќе се изброи колку пратеници во нејзината коалиција се Турци, Бошњаци или Роми.

## По ваков дебакл СДСМ барем 10 години не може да се надева на враќање на власт

**Ковачевски:**



- Овој резултат е разочарувачки. На СДСМ му е зададен тежок удар, не само од граѓаните, туку и од симпатизерите и од поддржувачите на партијата.

Им честитам на изборната победа на ВМРО-ДПМНЕ и на претседателот на партијата Христијан Мицкоски. Очекувам да не бидат и натаму партија позната по злоупотреба на моќ. И честитам на Гордана Силјановска Давкова за изборот за претседател на државата.

СДСМ повторно покажа државотворност и одговорност. Најлесно беше по толку лажни обвинувања и напади од ВМРО-ДПМНЕ да не го мобилизираме нашето членство да не гласаат на претседателските избори, но не паднавме во таа замка. Покажавме дека Македонија ни е поважна и секогаш ќе биде така. Да живее Македонија!

Ковачевски повика на нови внатрешни избори на сите нивоа во СДСМ - најавувајќи своја оставка.

Тој е избран за пратеник во Собранието.




# Проверете дали Викторија ви должи пари

Австралијците имаат милиони долари неподигнати средства кај владите на државите и териториите, само во *Викторија* има неподигнат фонд од $100 милиони неповлечени средства. Проверете дали сте на оваа листа. Десетици милиони долари на жителите на *Викторија* се наоѓаат меѓу оние кои не ги повлекле парите кои им следуваат од сметката на владата. Овие неверојатните суми беа откриени откако владата го прочешла Регистарот за неподигнати средства на *Викторија* пред носење на државниот буџет следниот месец. Државниот ризничар



**Тим Палас** вели сите ќе мораат да ја проверат својата состојба преку Државната канцеларија за приходи за да дознаат дали имаат право за враќање на средствата. *„Ги молиме граѓаните на Викторија да проверат на нашата интернет страница за да дознаат дали и тие имаат пари на оваа сметка кои можат да ги повлечат. Ако не сте сигурни, едноставно посетете ја интернет страницата и проверете*" - рече **Палас**. Регионалниот центар за поширокото подрачје на Џилонг има најголем дел во неповлечените средства. Над 33.000 луѓе можат да повлечат над $4.3 милиони. **Во びаларат**, Канцеларијата за финансиски државни управи се евидентирани 14.000 луѓе кои имаат право на поврат над $1.8 милиони, а во поширокатa област на *Шепартон* има дури $1.2 милиони неповлечени средства. Во Градскиот совет на *Мелбурн* се наоѓаат неверојатни $17.7 милиони неповлечени средства за над 67.000 граѓани. На жителите во општината *Борондаре* им се должат $9.8 милиони, а на жителите на *Стонингтон* $6.9 милиони. Еден граѓанин на *Бенинг* би можел да бара поврат на $137.000, додека еден жител на *Бокс Хил* има право да побара поврат на $880.000, на лице од Нунавидинг државата му должи $670.000, додека уште еден граѓанин на *Маунт Марта* може да бара исплата над $232.000.

### СИСТЕМОТ Е РАСИПАН:

## Ново зголемување на студентскиот долг

За речиси три милиони *Австралијци со студентски кредит (HECS/HELP)*, од 1 јуни долгот ќе се зголеми, бидејќи тогаш ќе се применува стапката на индексација од 4.7 отсто. Така што, за дипломците со просечен студентски долг од $26.494, нивните долгови ќе се зголемат за дополнителни $1.258 во 2024 година. За студентските кредити, познати како *HECS-HELP* не се пресметува камата. Наместо тоа, секоја година целиот износ се индексира во висина на инфлацијата.




Во текот на минатата деценија, просечната стапка на индексација беше само два отсто. Меѓутоа, како што инфлацијата вртоглаво растеше, со неа растеше и стапката на индексирање. Минатата година достигна највисоко ниво во деценијава од 7.1 отсто. Една година претходно изнесуваше 3.9 отсто. Инаку, Универзитетскиот договор, прва сеопфатна ревизија на системот за високо образовние од 2008 година, го објави својот конечен извештај во февруари. Меѓу другото, се препорачува ревизија на кој начин се пресметува студентскиот долг и кога се одбива. Предложено е пресметување на стапката на индексација од најнискиот износ на инфлација или да се следи растот на заработката. Беше препорачано и да се промени времето на индексирање, за да прво се одбијат задолжителните отплати. Воедно, кажано е да се погледнат практиките на банкарските кредитирања за да се осигура дека *HECS-HELP* кредитите не се третираат на начин кој ја ограничува способноста на луѓето да земат станбени кредити. Некои промени и помош за младите Австралијци најавија прајминистерот **Ентони Албанезе** и сојузниот благајник **Џим Чалмерс**. Се очекува да се објават одредени измени пред да се донесе буџетот на 14 мај.

Независната пратеничка **Моник Рајан**, која во март објави петиција за реформи, а која веќе ја потпишаа над 270.000 луѓе, вели, било какви промени мораат да се направат пред 1 јуни. Сенаторот на Зелените, **Мехрин Фаруки**, побара целосно укинување на индексицијата на студентските кредити. Таа вели откако лабуристите дошле на власт, студентскиот долг се зголемил над 16 отсто. *„Систем кој ги заробува луѓето во доживотен студентски долг е расипан систем и мора да исчезне*" - нагласи **Фаруки**.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР

ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ

- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР

Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre

Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com


## Тинејџери во Сиднеј сакале да купат оружје и да напаѓаат Евреи

Група муслимански тинејџери планирале да набават оружје и да нападнат *Евреи*. Ова се случило на само неколку дена по нападот врз епископот на Асирската православна црква во *Сиднеј*. Петте млади на возраст од 14 до 17 години, во минатиот четвртокот се обвинети пред судот во *Сиднеј* за низа прекршоци, како и за заговор за учество и планирање терористички чин. Полицијата објави дека сите тие *„се придржувале до религиозно мотивирана, насилна фундаменталистичка идеологија*" и биле дел од мрежата во која беше и 16-годишно момче обвинето за прободување на епископот на Асирската православна црква **Мар Мари Емануел** на 15 април. Според полициските информации доставени до Детскиот суд во *Сиднеј*, двајцата обвинети разговарале за купување оружје на 19 април, истиот ден кога е обвинет наводниот напаѓач на владиката, објави весникот *News Corp Australia.* Родителите на момчето во интервју за австралиските медиуми изјавиле дека нивниот син бил насилен и дека се сомневаат дека има нарушување од спектарот на аутизам, но додале дека тој не е терорист.




*Еј-Би-Си* објави дека на нивниот син му се допаѓаат онлајн видеата на основачот на *Ал Каеда*, **Осама бин Ладен**, а сликата на профилот на момчето **Вотсап** е слика на самиот **Бин Ладен**.

# Штети настанати од користење дигитални платформи



Политичарите, полицијата и претставниците на националната безбедност го поддржаа воведувањето на построги старосни ограничувања за користење на социјалните медиуми, но истражувачите велат поинаку. Забраната за пристапот до социјалните мрежи е неефикасен начин да се заштитат младите од опасностите кои со себе ги носат интернет содржините, велат експертите, додека политичарите се борат со се повеќе вознемирувачки содржини на Интернет. Сојузната опозиција повторно повика на ново одредување на старосна граница за пристап до социјалните мрежи во обид да ги заштити малите деца од изложеност на штетни слики и видео содржини на популарните платформи.

Но експертите набрзо укажаа на глобално достапни истражувања кои укажуваат дека ограничувањето на возраста за пристап до социјални медиумите е само привидно решение и наместо тоа повика на унапредување на дигиталната писменост. **Тама Ливер**, професор по Интернет студии на Универзитетот *Куртин* во *Перт* утврди дека задолжителната старосна забрана нема да ја реши суштината на проблемот и тој ќе се појави нешто подоцна. *„Повеќето истражувања укажуваат на тоа дека забраните всушност не помагаат. Дури и истражувањето за употребата на мобилни телефони во училиштата укажува на тоа дека строгите забрани се главно неефикасни“* - наведува проф. **Ливер**.

*„Знаеме дека ова политичарите ги прави задоволни и можеби така би можело да се реши дел од проблемот, по повеќето истражувања укажуваат на тоа дека со забрани нема многу да се постигне.“* Минатиот понеделник, австралиски доверник за безбедност на Интернет покрена постапка пред Сојузниот суд против платформата *X* на **Илон Маск**, бидејќи одби да ги отстрани видео снимките од нападот со нож во црква во *Сиднеј*.

Правната битка го поттикна претставникот на опозицијата за комуникации, **Дејвид Колман**, кој веќе долго време повикува на задолжителна проверка за возраста на оние кои пристапуваат на Интернет, на предлогот *Австралија* да го следи примерот на некои од американските сојузни држави кои им забранија на децата помлади од 15 или 16 години да користат *Фејсбук*, *Инстаграм* и *ТикТок*. Американската национална академија на науки, инженерство и медицина во својот неодамнешен извештај објави дека не нашла доволно докази кои одат во прилог на забраната за пристап до социјалните мрежи за младите. Но, експертите укажаа на се повеќе објавени студии кои укажуваат на негативното влијание на социјалните мрежи врз менталното здравје. Анкета спроведена на 600 млади луѓе, која минатата година ја спроведе Универзитетот *Сиднеј* покажа се повеќето млади луѓе се сомневаат дали дигиталните платформи ќе ја проверат и потврдат нивната возраст. Неколку од испитаниците им кажале на истражувачите дека ќе користат други начини за пристап до Интернет, на пример преку *VPN* сервисите, за да ја променат земјата за пристап до Интернет, доколку се воведат построги ограничувања за старосната граница во *Австралија*.

Повеќето млади луѓе на возраст од 12 до 17 години сакаат владата да ги консултира доколку размислува да воведе старосни ограничувања за користење на социјалните мрежи. Министерката за комуникации **Мишел Ровланд** потврди дека ќе се разгледуваат мерките за построги старосни ограничувања за користење на социјалните мрежи во склоп на ревизијата на владата за Законот за безбедност на *Интернет*. Изјави дека ќе ја прегледа пробната програма за „верификација на возраста“ во обид на тој начин да се помогне во спречувњето на децата да пристапат до интернет содржини како што е порнографијата. *„Оваа ревизија ќе ги согледа можностите за зајакнување на безбедностат на децата, вклучувајќи го и зајакнувањето на спроведување на законот. Сите платформи имаат услови за кристење за одредени старосни граници, но проблемот е во тоа што тие не се почитуваат“* - вели таа.

### СЕ СОЗДАВА ГИГАНТ ВО ИНДУСТРИЈАТА НА БАКАР

## Австралискиот BHP нуди 68 милијарди долари да создаде најголем светски производител на бакар

Австриската рударско-металска група *BHP* ја објави својата намера да ја преземе британската рударска компанија *„Англо Америкен“*, чија вредност се проценува на околу 68 милијарди долари. Доколку дојде до реализација на тој договор, би се создал најголемиот светски производител на бакар.

*BHP* со поврзување со компанија *„Англо Америкен“* би добил околу 10 отсто од светската понуда на бакар пред очекуваниот недостиг, за кој многу пазарни аналитичари предвидуваа дека ќе доведе до зголемување на цените. Акциите на компанија *„Англо Америкен“* пораснаа за 14 отсто во *Лондон* и изнесуваат околу $55 по единица, што доведе нејзината пазарна вредност да изнесува околу 68.1 милијарди долари. Одборот на британската компанија го разгледува предлогот. Вредноста на групата *BHP* кој се проценува на околу 259 милијарди долари, се намали за 2.6 отсто. Меѓутоа, доколку биде успешна, трансакцијата ќе означи враќање на склопување големи зделки за *BHP*, со што компанијата ќе стане атрактивна за нови проширувања.




INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Зошто трошок од A$1.3 милиони за гласање на дијаспората со излезност од 30%, и зошто гласањето не е онлајн?

Дијаспората на 24 и на 8 мај гласаше само на претседателските избори, бидејќи не беше исполнет условот за тоа да се случи и за парламентарните (беше потребно да се пријават најмалку 5.355 гласачи). За гласање беа регистрирани нешто под 2.600 иселеници и во првиот круг од претседателските избори излезноста беше 39.8% додека во средата само околу 27%.

Инаку и овојпат бројот на пратеници во Собранието на Македонија ќе биде 120. Теоретски иселениците можат да изберат уште 20 пратеници (парламентот по Устав може да има до 140 пратеници) но досега тоа не се случило. Имавме во два наврати по три пратеници од иселеништвото - по еден од Европа, Северна Америка и Австралија.

Како што објави ДИК за годинешните избори биле предвидени A$1.3 милиони за покривање на трошоците за изборите во дијаспората. Се дознава само дека летот за странство го имаат остварени вкупно 191 член на одборите за дијаспората.

Македонија има 52 дипломатски претставништ-



ва (амбасади имконзулати) низ светот каде што може да се организират избори. Носителите на македонско државјанство во странство имаат право да гласаат за претседател на државата и за пратеници во Собранието. Но има два предуслова: да има пријавено минимум 10 заинтересирани иселеници за гласање по ДКП и (за пратеници) да се пријават најмалку онолку колку што добил избран пратеник во Македонија со најмалку гласови.

За разлика од порано, кога сите членови на избирачките одбори доаѓаа од Македонија сега според Изборниот закон претседателот и неговиот заменик се бираат од редот на вработените во Дипломатско конзуларните претставништва (ДКП) додека останатите членови се на предлог на партиите од власта и опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. По можност од државата во која се организира гласањето.

Од ДИК потсетија дека тие не организираат ниту финансиски покриваат престој на избирачките одбори во периодот меѓу двата круга на претседателските избори, туку ангажираните лица се враќаат назад веднаш по завршување на изборниот ден согласно временската зона.

Колкаи се дневниците исто така не е јавно познато зашто се регулирани во зависност од земјата во која се наоѓаат.

### Дијаспората има потреба од електронско гласање

За сега никој не спомнува дали би можело да се организира гласање по електронски пат. Од ДИК велат дека немаат ингеренции да предлагаат закони.

Познато е дека дијаспората е хендикепирана за нормално гласање бидејќи далечините за да се дојде до гласачката кутија се толкави што бараат посебни подготовки, земање слободни денови и доста пари. На пример Македонец од Перт треба да лета до Мелбурни или Канбера за да гласа (со преспивање), па ако се претседателски избори патот ќе го минува двапати!?

Во дел од европските земји иселениците гласаат или по електронски пат или по пошта и гласачкото ливче го испраќа до ДКП. Австралиските државјани во странство гласаат по пошта.

## Четири приватни клиники наплатиле A$136.5 милиони од пациентите и од ФЗО




Четирите најголеми приватни здравствени установи во Македонија: „Аџибадем-Систина“, „Ремедика“, „Неуромедика“ и „Жан Митрев клиника“ минатата година директно од пациентите или преку Фондот за здравствено осигурување за третмани што ги покрива наплатиле A$136.5 милиони, што е A$5.7 милиони повеќе отколку во 2022 година, покажува анализата на финансиските податоци што ја направи порталот „Пари“ во соработка со платформата „Бизнис мрежа мк“.

„Лавовскиот“ дел од оваа сума е наплатена за здравствени интервенции во „Аџибадем-Систина“ или A$94.11 милиони (68,9% од вкупниот приход во четирите приватни болници).

Следи клиниката „Жан Митрев“ чиј приходи лани биле A$27.6 милиони и тие се за 13.96% помали отколку во 2022, кога исто така имаше пад во однос на 2021 година.

Со приход од A$13 милиони „Ремедика“ се најде на третото место, но и оваа болница има пад за 9.51% во однос на 2022 година.

Најмалку вкупен приход во оваа четворка остварила „Неуромедика“ – A$1.63 милиони, но тоа е подобро отколку во 2022 година.

Истото рангирање овие четири најпознати приватни здравствени установи во земјата го имаа и во 2022 година.

Кога ќе се одбијат сите трошоци за работата на клиниите, платите на лекарите и медицинските сестри, лани „Аџибадем-Систина“ направила добивка од A$10.62 милиони или 21.9% повеќе отколку во 2022 година.

„Ремедика“ остварила профит од A$1.39 милиони, што е за 27% помалку во однос на 2022, а најмала добивка има „Неуромедика“ и таа е A$217 илјади (но дури 105% е повисока од онаа во 2022 година).

„Жан Митрев“ веќе две години со ред е во загуба: лани бил во минус A$1.8 милиони, а преклансkиот минус изнесувал околу A$690,000.

### Колку просечно плаќа вработен за здравствено осигурување?

На просечна нето-плата од 39.276 денари (A$1,041), колку што е за февруари, придонесот за здравствено осигурување е 4.423 денари (A$117). На годишно ниво од просечни A$12,492 само здравственото осигурување чини A$1,404.

Но, и покрај тој месечен придонес што се плаќа, многу често граѓаните завршуваат на приватните клиники. Често може да се слушне реченицата: „Бадијала плаќаме придонеси!“.

Кај некои од приватните клиники може да се добијат здравствени интервенции кои се признати преку Фондот за здравствено осигурување, така што за нив се плаќа само партиципација како „на државно“, па дел од граѓаните се одлучуваат да одат таму, затоа што сметаат дека ќе добијат подобра услуга, дел немаат време за чекање во државното здравство, дел пак го следат својот лекар, а неретко докторите од државното здравство мигрираат во приватното...

Reg. No. A0042461G
АХАМ BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# УВЕЗЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ОД ИНДИЈА, НЕПАЛ И ФИЛИПИНИ СЕ ФАТИЈА ЗА РАБОТА ВО ОХРИД



*Охрид е на прагот на уште една летна сезона*

Туристичкиот сектор на охридско-струшката ривиера и покрај носењето на странски кадар и понатаму страдува за пополнување на слободните места поради недостиг на работници. Дел од нив се со став дека проблемот нема да се реши, оти се носат лица кои не го познаваат јазикот, културата, навиките. Оние кои се одлучиле за да увезат работници се жалат на долгите процедури.

До почетокот на сезоната се очекува да пристигнат вкупно околу 600 работници од Непал, Филипини и Индија, кои ќе ја надополнат работната сила која недостасува поради одливот на локалното население кое најчесто оди на работа на хрватското крајбрежје. Работните позиции ќе бидат собарки, помошници во кујна и келнери. Дел од нив веќе се во Охрид, но исто така слушаме дека некои од нив набрзо потоа „исчезнуваат" во непознат правец (веројатно кон ЕУ).

Од Асоцијацијата на хотелиери (ХОТАМ) рекоа дека кадарот кој се носи е со работно искуство, а ако не ја извршува работата за која ќе биде ангажиран ќе биде вратен назад. Почетната плата се движи од 350 евра па нагоре во зависност од работната позиција, со обезбедена храна и сместување.

За продолжениот празничен викенд хотелите во Охрид беа пополнети со одвај 60% додека приватното сместување и до 80%. Гужвата ја правеа посетителите од другите градови кои имаат свои станови.

По традиција, првомајските и велигденските празници се репер за успешноста на претстојната туристичка сезона. Се очекува посетеноста да порасне пред и за време на сезоната.

Хотелиерите годинава очекуваат многу подобра туристичка сезона според најавите кои ги имаат. Групи се најавени од Турција, Холандија, Полска, Словенија но и од други земји.

# „АстраЗенека" ја повлече вакцината против ковид ширум светот

Европската агенција за лекови (ЕМА) објави дека вакцината против ковид на „АстраЗенека" повеќе не е одобрена за употреба. Фармацевтската компанија самата го повлече одобрението за ставање во промет на лекот во Европската унија во март. Во соопштението за медиумите од „АстраЗенека" стои дека одлуката е донесена бидејќи сега има голем број нови вакцини кои се прилагодени на новите варијанти на коронавирусот. Ова доведе до пад на побарувачката за вакцината, која повеќе не се произведува или снабдува.



„Според независни проценки повеќе од 6.5 милиони животи беа спасени само во првата година од употребата, а над 3 милијарди дози беа испорачани ширум светот", се вели во соопштението на „АстраЗенека".

„Сега ќе работиме со регулаторите и нашите партнери за да се усогласиме на јасен пат напред и да го затвориме ова поглавје и да дадеме значаен придонес во борбата против пандемијата со ковид-19", соопштија од фармацевтската компанија.

Другите земји веќе подолго време престанаа да ја набавуваат вакцината. Не е достапна за употреба во Австралија од март 2023 година, иако нејзината употреба веќе беше повлечена од јуни 2021 година поради широката достапност на понови вакцини.

Во 2021 година, „АстраЗенека" го промени името на својата вакцина против ковид во Vaxzevria. Вакцината се состои од друг вирус од семејството на аденовируси, модифициран за да содржи ген за создавање протеин од SARS-CoV-2, вирусот што предизвикува ковид-19. Вакцината не го содржи самиот вирус и не може да предизвика инфекција.

# Македонски војници за учество во меѓународни вежби и операции во Косово, Бугарија и Германија



На предлог на Министерството за одбрана македонската Влада одобри распоредување на македонски војници во различни меѓународни вежби и операции. Овие одлуки ја нагласуваат посветеноста на Македонија за регионалната безбедност и нејзиното активно учество во мултинационалните напори, се вели во заклучокот.

Македонски воен персонал ќе земе учество на вежбата „BEYOND HORIZON 24" во Република Бугарија. Оваа мултинационална вежба има за цел да ја подобри интероперабилноста и подготвеноста меѓу силите учеснички преку заеднички сценарија за обука.

Дополнително, македонски војници ќе учествуваат во операцијата на НАТО - „КФОР" во Република Косово. Мисијата на КФОР опфаќа различни задачи, вклучително и одржување на безбедна и безбедна средина и олеснување на слободата на движење.

Македонски војници ќе земат учество и на вежбата „Комбинирана одлука 24-2" во Сојузна Република Германија. Оваа вежба, спроведена во рамките на програмата на НАТО се фокусира на зајакнување на подготвеноста и способностите на сојузничките и партнерските земји ефикасно да одговорат на современите безбедносни предизвици.




## Завршена ревитализацијата на црквата на Ангелот од Курбиново

Министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска информира дека по речиси четири години работа, интервенциите за целосна заштита на црквата „Свети Ѓорѓи" во ресенско Курбиново се во последна фаза, со што сонот и заложбите на генерации експерти од заштитата се реализирани.



- Црквата на Ангелот од Курбиново од 12 век трпеливо чекаше на достојно внимание. И го доби, и стана наш врвен приоритет. Црквата доби статус – добро во опасност, со што ги мобилизиравме сите стручни и материјални ресурси од заштитата, рече министерката за култура. Додава дека свесни за непроценливата вредност на овој драгоцен камен од мозаикот на нашето културно наследство, Владата, Министерството за култура, Заводот и музеј Битола и институциите од заштитата започнаа сериозен, комплексен зафат еднаков на подвиг.

Во реставрацијата клучна беше помошта на грчките експерти поточно од Европскиот центар за византиски споменици од Солун.

Освен реставрација на фреските во оваа црква претходно се изведоа посериозни интервенции на покривната конструкција.

Црквата „Св. Ѓорѓи" во Курбиново е позната по најстарото сочувано ѕидно сликарство кое претставува несекојдневен пример на византиската уметност од крајот на XII век (1191 година), особено по оригинални фрески меѓу кои и фреската на Ангелот Гаврил од Курбиново (како дел од композицијата Благовештение), која е отпечатена и на банкнотата од 50 денари. Почнувајќи од 2013 година реализирани се неколку проекти за заштита и конзервација на црквата „Св. Ѓорѓи" во Курбиново, како што се конзерваторски истражувања, анализи, реконструкција и активности за конзервација на црквата, за што досега се исплатени над 360.000 евра буџетски средства.



# Кои се најсупешните македонски компании во 2023?




Вкупно 90 компании чии акции котираат на „Македонската берза" досега доставиле неревидирани годишни финансиски извештаи кои ја отсликуваат нивната финансиска кондиција во 2023 година. Податоците покажуваат дека банкарскиот, фармацевтскиот, телекомуникацискиот и градежниот сектор ја завршија минатата година со најголеми добивки и важат се најуспешни компании во земјата.

Очигледно е дека банкарскиот сектор лани бил најпрофитабилен. На чело е Комерцијална банка со остварена добивка од 3,6 милијарди денари. Втора е Стопанска банка АД Скопје со вкупна добивка од 3,5 милијарди денари, а на третото место е НЛБ банка со вкупен профит во 2023 година од 3,2 милијарди денари.

После банките следува Македонски телеком со остварена добивка од 2,1 милијарда денари. На петтата позиција е Алкалоид со профит од 1,52 милијарди денари, а веднаш зад него е Цементарница Усје со за нијанса помала добивка, која изнесува 1,51 милијарда денари. И со неа завршува „клубот на милијардери".

На 21-то место на листата следува уште една банка - ТТК банка со профит од A$2.84 милиони, на 22 место е Македонија турист со A$2.6 милиони, потоа Тетекс A$2.54 милиони, па Витаминка со A$2.37 милиони, Струмичко поле со A$1.85 милиони итн.

| Ранк 2023 | Ранк 2022 | Компанија | Добивка 2023 (во A$) |
|---|---|---|---|
| 1 | 3 | Комерцијална банка АД Скопје | 96,795,486 |
| 2 | 2 | Стопанска банка АД Скопје | 93,773,000 |
| 3 | 1 | НЛБ банка АД Скопје | 86,942,162 |
| 4 | 4 | Македонски телеком АД Скопје | 56,225,702 |
| 5 | 5 | Алкалоид АД Скопје | 41,095,864 |
| 6 | 8 | Цементарница УСЈЕ АД Скопје | 40,797,054 |
| 7 | 6 | Макпетрол АД Скопје | 25,289,621 |
| 8 | 9 | Мермерен комбинат АД Прилеп | 22,790,108 |
| 9 | 33 | ЗК Пелагонија АД Битола | 13,624,000 |
| 10 | 11 | УНИ банка АД Скопје | 12,878,648 |
| 11 | 15 | Гранит АД Скопје | 11,804,756 |
| 12 | 7 | Макстил АД Скопје | 9,609,513 |
| 13 | 12 | ВВ Тиквеш АД Кавадарци | 7,433,243 |
| 14 | 13 | ОИЛКО КДА Скопје | 6,440,621 |
| 15 | 10 | ОКТА АД Скопје | 5,175,729 |
| 16 | 20 | Прилепска пиварница АД Прилеп | 4,503,648 |
| 17 | 16 | Тутунски комбинат АД Прилеп | 4,455,783 |
| 18 | 23 | Реплек АД Скопје | 4,279,135 |
| 19 | 17 | Пекабеско АД Кадино | 3,945,891 |
| 20 | 18 | Фершпед АД Скопје | 3,354,135 |

На оваа листа има и 20 компании кои минатата година ја завршиле со загуба. Меѓу нив се и Интернешнелс хотелс АД Скопје, РЖ Услуги, ГТЦ АД Скопје, ФЗЦ 11 Октомври Куманово…

## ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ ВО АПРИЛ НАДМИНАА A$7 МИЛИЈАРДИ



Зголемено е нивото на девизните резерви на Македонија за A$68.5 милиони за еден месец. На крајот од април нивната состојба е A$7.07 милијарди.

Најголем дел од девизните резерви – 58.7%, се пласирани во хартии од вредност. Потоа со 30.1% следуваат валутите и депозитите, а 11.1% се чуваат во монетарно злато.

Инаку, по дефиниција, девизните резерви се средства веднаш достапни и расположливи за монетарната власт, во чија надлежност е и контролата врз нив. Служат за финансирање на платниот биланс преку интервенција на девизниот пазар. Пред сè, за да се влијае врз девизниот курс, како и за други цели. Во суштина, основната функција им е да ја заштитат економијата од негативни надворешни шокови, за редовно сервисирање на надворешниот јавен долг и интервенции на девизниот пазар.




## АПРИЛСКАТА ИНФЛАЦИЈА 0.7, ГОДИШНАТА 4 ПРОЦЕНТИ

Годишната инфлација измерена во април е четири проценти, соопшти Државниот завод за статистика на Македонија. Во однос на март, месечната стапка е 0.7%.

Индексот на трошоците на животот во април 2024 година, во однос на април 2023 година, бележи зголемување од 4.0 %, а индексот на цените на мало бележи зголемување од 3.5%.




Априлската во однос на мартовската инфлација е повисока поради зголемените трошоци на животот во групите транспорт – за 2.8%, комуникации за 1.6%, храна и безалкохолни пијалаци, облека и обувки за 0.9%, рекреација и култура, ресторани и хотели за 0.6%, разновидни стоки и услуги за 0.4% и здравје за 0.2%.

Во четвртиот месец статистиката регистрирала намалување на трошоците смо кај две групи. Станува збор за мебел, покуќнина и одржување на домаќинствата за 0.5% и за домување, вода, електрика, гас и други горива за 0.2%.

# ПОКЛОНЕНИЕ ПРЕД БИСТАТА НА ДЕЛЧЕВ


Дел од присутните

*По повод 121-та годишнина од смрта на идеологот и предводникот на македонското национално ослободително движење Гоце Делчев, и за сите оние кои ги положија своите животи на олтарот на слободата за својата македонска земја.*

На 4-ти мај 2024 година, на *Велика Сабота*, ден пред *Христовото Воскресение Велигден*, во организација на Македонската *Православна Црковна Општина „Св. Петка“* во сиднејското предградие *Рокдаел*, се одржа панахида за **Гоце Делчев** но и за сите војводи, комити, партизани, знаени и незнаени синови и керки што ги дадоа своите животи за ослободување на Македонската земја. Панахидата беше одржана после богослужбата на *Велика Сабота* од парохискиот свештеник отец **Владо Недески**, кој потоа ги поздрави присутните, градоначалникот на општината *"Бејсајд"* македонецот **Бил Сарафиновски**, членот на советот на општината г-дин **Пол Седрак**, Др. **Васил Тулевски** истакнат активист во македонската заедница од поодминатата генерација. На самиот почеток **Маја Наумовска** ја отпеа македонската химна, а потоа **Кире Циревски** прочита краток но содржаен реферат за животот и делото на војводата **Гоце Делчев**. На денот кога се навршуваат 121 години од неговата смрт, ние се собравме овде пред неговата биста да му се поклониме и му одадеме должно признание и го закитиме со букети цвеќе ликот на големиот син на *Македонија*, и неговото дело кое го направил за време на неговиот краток живот рече **Циревски**. На присутните им се обрати и градоначалникот на Општината *Бејсајд*, **Бил Сарафиновски** кој по потекло е Македонец. Потоа беа прочитани песни од познати поети посветени на **Гоце Делчев**. Читаа **Даниела Недеска**, **Кристина Санчевска** и **Александар Младеновски**. Исто така со своја поезија посветена на **Гоце Делчев** настапија поети од Литературното друштво *"Григор Прличев"*: **Иван Трпоски, Марија Александрова, Спасија Огненовска** и **Васил Тулевски**. Пред бистата на војводата **Гоце Делчев** присутните се поклонија, и положија венци и свежо цвеќе. Во името на *МПЦО "Св. Петка"* положи претседателот **Борис Димчевски**, *МКУД "Илинден"* претседателот **Крис Каранфиловски**, Македонското пензионерско друштво од *Рокдаел*, **Спасија Огненовска**, а во името на Литературното друштво *"Григор Прличев"*, **Иван Трпоски, Марија Александрова, Спасија Огненовска, ДрВасил Тулевски** и **Тоде Мицковски**.

**К.Ц.**


Претседателот на Св Петка Борис Димчевски и градоначалникот Бил Саравиновски


Црковен хор


Исполнување на химната од Маја Наумовска


Даниела Недеска


Кристина Станчевска

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*

# Четири години по бегството од штипскиот затвор, кондовецот Агим Красниќи е уапсен во Косово

По четири години во бегство кондовецот **Агим Красниќи** е уапсен во *Косово* кој се бараше со меѓународна потерница.

Полициски единици во петокот околу полноќ во *Урошевац* запреле „ауди“ со македонски регистарски таблици, при контрола и преглед на автомобилот биле пронајдени три пиштоли и муниција. Уапсени се четири лица, македонски државјани. Според информациите се работи за **Агим Красниќи**, брат му **Бесим Красниќи**, **Фадил Точи** и **Сеад Рамадани Цапи**.

Косовоската полиција соопшти дека тројца од нив се бараат за тепачка и пукање што се случило лани во *Урошевац*.

*- Четири лица се спроведени во полициска станица, поради сомнение дека се барани лица, инволвирани во кривични дела, а три од нив приложиле лажни документи за идентификација. При проверка на лицата, констатирано е дека трите лица се осомничени и барани за случајот во Урошевац на 17.10.2023 година. Лицето Б.К. македонски државјанин, се барало со меѓународна потерница, распишана од властите во Македонија,* соопшти полицијата од *Косово*.



Чудно е што велат дека потерница има само по братот **Бесим** а не и по **Агим Красниќи** кој во 2008 година во *Македонија* беше осуден на 15 години затвор поради тоа што во 2005 година во неговото родно село *Кондово* со својата група подготвуваше напад на *Скопје*. Беше прогласен за виновен за серија кривични дела меѓу кои и изборни нерегуларности. По скоро 13 години поминати зад решетки, **Красниќи** избега по слободен викенд од штипскиот затвор каде ја извршуваше казната во 2020 година, на два месеци пред тогашните парламентарни избори.

Активна е и меѓународната потерница за **Бесим Красниќи** кој се бара за дела како кражба, разбојништво, предизвикување општа опасност, тероризам, насилство.

Потерницата има и за **Фадил Точи** за недела меѓу кои се наведени тероризам, насилство, тргување со оружје и други дела.

На сите им бил определен 48 часовен притвор со цел споредување на истрага.

За екстрадиција е рано да се одлучува со оглед на тоа што прво треба да одговараат за делата кои таму ги сториле, а потоа македонското Министерство за правда да ја започне постапката.

## Битолчани удрија по полицијата

44-годишен битолчанец и неговата сопруга се приведени поради физички напад на полициски службеник и агресивно однесување кон други полициски службеници на должност. Во друг случај, во текот на истиот ден, полициски службеници биле цел на напад и во битолското село *Кравари*.

*„На 1 мај во 23:50 часот на ул.'8 Септември' во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода* ***А.С.****(44) од Битола затоа што тој и неговата сопруга физички нападнале еден полициски службеник и агресивно се однесувале кон други полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава. Истата вечер во 22:00 часот пред угостителски објект во с.Кравари, Битолско, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода* ***С.Т.****(47) од с.Кравари затоа што го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок“ – стои во Билтенот на МВР.*



## Измамен сопственик на менувачница: им дал 25.000 евра, но наместо торба полна со денари, му дале торба со ливчиња

Скопјанец пријавил дека во менувачница во Старата скопска чаршија бил измамен од страна на двајца странски државјани за сума од 25.000 евра. **Х.М.** (34) од *Скопје* пријавил дека во понеделникот околу 15 часот во менувачница во Старата скопска чаршија бил измамен од двајца странски државјани. Според пријавеното, откако се договориле во менувачницата да сменат пари за 25.000 евра, лицата дошле со чанта со договорената сума на пари во денари, при што еден од нив ја заменил чантата со денари со друга иста чанта, која во долниот дел била полна со хартиени ливчиња. Како што пријавил **Х.М.**, тој им ги дал еврата без да ја провери чантата, а откако заминале, сфатил дека е измамен, појаснуваат од *МВР*.

Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

## Починал во куќарка на паркинг

**Д.С.** (63) бил пронајден мртов на неговото работно место во куќарка за наплата на паркинг во скопската *Општина Центар*. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, било 1 мај во раните утрински часови.

Извршен бил увид од увидна екипа од *СВР Скопје*, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.




## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



**МЕЛБУРН:**

# Одбележани 121 година од убиството на Гоце Делчев, одговорноста за сегашноста и иднината е во нашите раце

Македонската православна општина за *Мелбурн* и *Викторија (МПОМВ)* на 4 мај организираше одбележување на 121-годишнината од смртта на **Гоце Делчев**. Во дворот на црквата *"Свети Горѓи и Пресвета Богородица"* во *Епинг*, пред споменикот на македонскиот апостол, беше одржана панихида од отец **Климент Станковски**. Пригоден говор одржаа **Дејан Змејковски**, заменик претседател на оваа црковна општина и **Ицо Најдовски**, заменик секретар. Тие говореа за животот и делото на **Делчев**, кој со својата жртва трајно се вгради во темелите на македонското национално битисување. Поетесите **Дона Димовска Кантаровска** и **Лидија Стојановска** од литературното друштво *„Кочо Рацин"* - *Мелбурн* рецитираа неколку песни посветени на **Гоце Делчев**.





**Отец Климент Станковски одржа панихида**



**Дејан Змејковски и Ицо Најдовски Перин имаа обраќања како организатори на комеморацијата а пригодни стихови од повеќе автори прочитаа Дона Димовска Кантаровска и Лидија Стојановска**

Потоа повеќе организации и поединци положија свежо цвеќе на споменикот на апостолот.

Како што е православниот обичај за помен, се изврши и раздавање на пченица и леб.

## Нашиот успех зависи од нашите дела

Заменик-претседателот на Македонската православна општина за *Мелбурн* и *Викторија*, г-динот **Дејан Змејковски** во својот говор потсети дека **Гоце** е едно од деветте деца (биле четворица браќа и пет сестри) на **Никола** и **Султана Делчеви**, роден на 4 февруари 1872 година во *Кукуш*. Поривот за национална и социјална правда му го определил животниот пат: завршил гимназија во *Солун* а потоа и воено училиште во *Софија*. Две години бил учител во *Штип* а потоа целосно се посветил на револуционерното дело како творец и инспектор на четничкиот институт.

*- Гоце ја напуштил неговата учителска функција за да му се придружи на **Даме Груев** во ТМОРО, Тајната македонско-одринска револуционерна организација. **Гоце** бил природен водач и собрал многумина во подготовката за револуција и ослободување на Македонија. Во предвечерјето на револуцијата бил предаден и убиен кај селото Баница. Неговите мошти се донесени во Скопје, во црквата „Свети Спас" каде и денес може да се посети неговиот гроб. Загина на денешен ден, 4 мај 1904 (по стариот стил било 21 април - з.н.), на само 31-годишна возраст. Делото му е толку големо и значајно што и 121 година по неговата смрт се собираме во негова чест. Неговата девиза: „Ослободувањето на еден народ треба да биде, пред се, негово дело, дело на неговите раце"* не потсетува дека сите ние, и како индивидуалци и како заедница, сме одговорни за нашата состојба било тоа во минатото или во денешницата. Нашиот успех зависи од нашите дела. Преку неговите дела и пример сите сме повикани да ја подобриме состојбата на нашата македонска заедница. Не е доволно само да се собираме и да го чествуваме **Гоце** и останатите револуционери туку преку силни и добри дела и сложна и успешна заедница да им покажеме на нашите предци, но и на нашите деца, дека сме ја заслужиле нивната жртва. Нека им е вечен споменот, лесна им земја и да живее *Македонија*!, кажа во пригодниот говор потпретседателот на *МПОМВ* **Дејан Змејковски**.

## Голготата на моштите на Гоце Делчев

Заменик-секретарот на *МПОМВ*, г-динот **Ицо Најдовски Перин**, пак, во своето обраќање потсети на сите перипетиите за зачувувањето на моштите на **Делчев** до денешни дни, за да не се заборава.

На оваа тема најпознати се спомените на **Михаил Чаков** (1873-1938), сведок при загинувањето и најзаслужен Македонец за зачувувањето на посмртните останки на **Делчев**.

Имено, мртвото тело на **Гоце** прво било препознаено од мајорот на турскиот аскер во потерата, по име **Хусеин Тефиков** (инаку бил школски другар на **Делчев** од военото училиште во *Софија*), а потоа било испратено во *Сер* за официјална потврда од страна на властите. Оттаму го враќаат во *Баница* каде **Делчев** и војводата **Гуштанов** биле погребани во еден гроб (под брестови крај селските гробишта), а телата на четворицата други загинати четници претходно се закопани во друг.

Три години подоцна, спроти *Ѓуровден* во 1906 година, војводите **Михаил Чаков** и **Атанас (Таската) Даскалов** со четниците доаѓаат во *Баница* ноќем и тајно да ги откопаат коските на **Делчев** за да се зачуваат. Во близина имало турска полициска станица, поставена на патот *Серес-Неврокоп* со дваесетина жандарми и за среќа не ги сетиле иако ноќта имало јасна месечина. Селаните знаеле чие тело како е положено ама при откопувањето забележале дека градниот кош на **Делчев** не бил сосема распаднат, додека телото на **Димитар Гуштанов**, кој бил поситен, целосно било распаднато и неговите коски биле веднаш предадени на стрико му дојден специјално од *Крушево*. Черепот и екстремитетите на **Гоцета** го зеле додека телото повторно го затрупале да се дораздложи. Во секавањата **Чаков** вели дека коските ги измил со врела вода и потоа три дена ги чувал потопени во чист спирт, по што му го предал завиткани во бовчиче на **Никола Мутафчиев**, клисарот во црквата во *Баница* кај кого бил сместен, со зборовите: *„Направи едно сандаче да ги сместиш овие коски и ноќе, кога и Господ спие, ќе ги сокриеш под самиот свет престол во олтарот"*. Но да има на ум да ги прибере и оние што останаа во гробот.

Клисарот **Мутафчиев** никогаш не ги доткопал останките на **Делчев**, иако **Чаков** тврди дека тоа го сторил во 1908. Постојат повеќе индиции дека трупот на **Делчев** е во *Баница* а за најголем доказ се смета панихидата во 1943 година на истиот гроб. Од настанот постои и фотографија на која се гледа дека надгробниот споменик со текст: *„Овде почи-*



**На споменикот на Делчев свежи цвеќиња положија претставниците на Македонската православна општина за Мелбурн и Викторија, на Македонската православна младина за Австралија, од Светски македонски конгрес, од задграничниот комитет на ВМРО -ДПМНЕ за Австралија, претставници на МКУД „Гоце Делчев", на литературното друштво „Кочо Рацин"-Мелбурн, од „Македонски штит" како и поединци а меѓу нив легендата на македонскиот фудбал Андон Дончевски, Стево Кралевски и други**

ва **Гоце Делчев**, *легендарниот борец за слобода на Македонија*", а веднаш до него се три од сестрите - *Руша, Велика* и *Елена.* На самиот крај од октомври 1917 година **Михаил Чаков** поради болест е демобилизиран и се населил во градот *Ксанти* (западна *Тракија*). А *Баница* во Првата светска војна горела трипати, па од страв дека војските на Антантата ќе го пробијат фронтот и ќе ја заземат *Македонија* (а со тоа ќе се изгубат засекогаш моштите) побарал од стариот **Никола Мутафчиев** (кој веќе од 1913 бил иселен од селото) да му ги донесе во *Ксанти* коските на **Делчев** зашто само тој знаел каде е скриено сандачето. Клисарот само побарал да добие патен лист за да може да се движи во тие воени времиња. **Чаков** му обезбедил патен лист преку генералот **Савов** и стариот **Мутафчиев** се упатил во *Баница*. Ја нашол црквата сосема изгорена, а за чудо само олтарот недопрен. Го сместил сандачето со моштите во голема војничка торба и тргнал со воз од *Сер* за *Ксанти*. Возот бил полн со бугарски војници а двајца од нив помислиле дека стариот носи нешто вредно за да се украде. Па решиле со итрина да видат што има таму - додека едниот го повикал клисарот на страна божем за нешто, другиот за тоа време протарашкал во торбата. Штом ги забележал коските се исплашил и со гнасење го фрлил сандачето низ прозорецот од возот, во широкото Серското поле. Стариот **Мутафчиев** во паника се пожалил на највисокиот офицер во возот кој веднаш се фатил за кочницата и ја запрел композицијата. Сите војници прво биле построени надвор од возот и откако офицерот им одржал говор за тоа какво сквернавење се случило биле испратени назад по пругата да го пребарат реонот додека не се собере и последната коска во ковчежето. Во најголема мера им успеало и сандачето му било вратено на стариот клисар а тој го предал на **Чаков** во *Ксанти*, кој направил друго ковчеже.

По завршувањето на Првата светска војна, според Нејскиот мировен договор, *Ксанти* требало да се предаде на *Грција*. Така **Чаков** во 1919 година со семејството се сели во *Пловдив*.

Голготата со коските на **Делчев** продолжува. **Чаков** раскажува дека реликвиеното сандаче го испратил со балдазата **Василка Д. Банкова** за *Пловдив*, во пајтонот со кој се селеле заедно со своите работи. Патот до *Пловдив* бил со многу дупки и на едно место пајтонот се навалил премногу на страна па сиот багаж испаднал и се растурил. Но ковчежето останало цело. *„Ова е Божји знак,* ***Гоце*** *не сака да ја напушти Македонија, затоа што таа останува пак под туѓо ропство*" - запишал **Чаков** дека неговата сопруга **Костадинка** и рекла на пријателката.

До 1923 година реликвиеното сандаче било чувано во домот на **Чакови** во *Пловдив*, во посебна соба каде кандилце горело деноноќно.

Во 1923 година коските на **Делчев** биле изложени неколку седмици на народно поклонение во црквата *„Св. Недела*" во *Софија*, заедно со коските на **Раковски**. Потоа биле ставени на таванот на истата црква. По неколку месеци сепак биле преземени во новоизградениот Македонски дом во *Софија*, каде се собирале старите илинденци. Тие направиле ново сандаче на кое напишале: *„Ги заколнуваме поколенијата светите мошти да бидат погребани во престолнината на независна Македонија*".

По завршувањето на Втората светска војна тогашна Народна Република *Македонија* побарала од *Бугарија* коските на **Гоце Делчев** да бидат донесени во *Скопје*, за да се исполни заветот - по 43 години од загинувањето македонскиот апостол да почива во главниот град на слободна *Македонија*.

На почетокот на октомври 1946 година од *Софија* тргнала траорната поворка – на лафет бил поставен саркофагот со посмртните останки на големиот син на македонскиот народ и поминал за поклонение низ *Пиринска Македонија*, пред да влезе кај *Струмица* во *Република Македонија*. На 10 октомври, со ново дрвеното ковчеже моштите на **Гоце Делчев** се ставени во мермерниот саркофаг во дворот на црквата *„Свети Спас*" во *Скопје*.






# Наскоро нова песна на Кајла



Дознаваме дека во *Мелбурн* се снима видео во *Luxor Reception*, за новата песна "*Една е сестра денес невеста*" во изведба на **Кејла К**. која наскоро ќе биде пуштена во јавноста. Во овој број објавуваме неколку ексклузивни слики од снимањето на видео спотот од *Lou's Video Production* во *Австралија*, со музика и аранжман од **Златко Миладиноски**, текст на **Анита Даева** а гости на видеото се играорците на *АММД „Никола Карев*" од *Мелбурн*.

Во овој проект се вклучени и **Аце Илиевски** (хармоника), **Коле Апостоловски** (кларинет), **Дилан Талевски** и *Дани Илиевски* (тапанџии), **Пол** (саксофон), **Филип** и **Нејтан** (виолина), **Саш Размоски** (свадбена кола). Песната е снимена во студиото на **Роб Рецеповски**. **Кајла**, која е и самата играорка во *АММД „Никола Карев*", сега има 15 години и е позната на нашата јавност бидејки веќе десет години пее и е кореограф во друштвото. Ова е нејзина четврта песна пред тоа ги има снимено: "*Душа Македонска*", "*Јас сум ќерка на Македонија*" и "*Сила ни се песните*".

Оваа година во јуни друштвото "*Никола Карев*" ќе има турнеја во *Македонија* и закажани се повеќе настапи на кои ќе се претстави и **Кајла** со играорците.

# Макрон и фон дер Лајен бараат од Кина да изврши притисок врз Русија да стави крај на војната



*Франција* и Европската комисија во понеделникот му кажаа на кинескиот претседател **Кси Џингпинг** дека сакаат тој да го искористи своето влијание врз *Русија* за да ја прекине војната во *Украина*, нагласувајќи дека *Европската унија* нема да се запре во својата воена поддршка за *Киев*.

Претседателот **Емануел Макрон** е домаќин на кинескиот челник **Кси Џинпинг** на неговата прва посета на *Европа* по пет години и разговараше со него и претседателката на Комисијата **Урсула фон дер Лајен** во *Париз*, додека тие се обидуваат да покажат обединет фронт за прашања од трговијата до *Украина*.

*Кина* ги зајакна трговските и воените врски со *Русија* во последниве години, бидејќи *САД* и нивните сојузници воведоа санкции кон двете земји, особено против *Москва* уште во 2014 година откако црноморскиот полуостров *Крим* се врати во составот на *Русија* што *Украина* и Западот не го признаваат, а потоа уште илјадници поради нејзината инвазија на *Украина* во 2022 година.

Трговијата меѓу *Кина* и *Русија* достигна рекордни 240,1 милијарди долари во минатата 2023 година, што е за 26,3 отсто повеќе од претходната 2022 година, покажуваат податоците на кинеската царина. Кинеските испораки во *Русија* скокнаа за 46,9 отсто во 2023 година, додека увозот од *Русија* порасна за 13 отсто.

Западните сили се особено загрижени, па и го обвинија *Пекинг* дека би можел да ѝ испорача оружје на *Москва* и да ги заобиколи постоечките западните санкции за материјали кои можат да се користат и за цивилни и за воени цели.

*„Сметаме дека Кина ќе го искористи сето свое влијание врз Русија за да стави крај на руската агресивна војна против Украина“*, изјави **фон дер Лајен** за новинарите по трилатералниот состанок во Елисејскиот дворец во *Париз*.

**Макрон** рече дека координацијата со *Кина* во врска за *Украина* е *„апсолутно одлучувачка“*.

Западните сили повеќе од една година се обидуваат да ја убедат *Кина* да не ѝ дава воена поддршка на *Русија*.

Дипломатски извори рекоа дека **Кси** јасно ставил до знаење дека *Пекинг* нема намера да ја снабдува *Москва* со оружје и дека е подготвен да го разгледа прашањето за материјалите со двојна употреба што ги овозможуваат воени напори на *Русија*.

Тие рекоа дека сега ќе треба да видат дали обврските ќе се претворат во акции. Во моментов *ЕУ* разговара за можни санкции против некои кинески компании.

Кинеските државни медиуми ја цитираа изјавата на **Кси** дека сите страни сакаат прекин на огнот, враќање на мирот во *Европа* и избегнување на понатамошна ескалација.

*„Кина не ја создаде украинската криза, ниту е нејзина страна“*, рече **Кси**, цитиран од државните медиуми. *„Кина цело време работеше напорно за да ги олесни мировните преговори“*, додаде тој.

Рускиот претседател **Владимир Путин** се очекува да отпатува во *Кина* подоцна во мај, што би можело да биде негово прво патување во странство во неговиот нов претседателски мандат.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Русија се закани со напад на Велика Британија



*Русија* за прв пат официјално ѝ се закани на *Велика Британија* со напади на нејзина територија.

*„Доколку Украина ги користи ракетите што ѝ ги достави Велика Британија за да ја нападне Русија, тоа може да резултира со руски напади врз воени цели во Велика Британија и надвор од Украина“*, соопшти руското Министерство за надворешни работи. Амбасадорот **Наџел Кејси** беше повикан во министерството откако британскиот министер за надворешни работи **Дејвид Камерон** изјави за *Ројтерс* дека *Украина* има право да користи ракети со долг дострел испратени од *Велика Британија* за да нападне длабоко во *Русија*.

*„Кејси беше предупреден дека одговорот на украинските напади со употреба на британско оружје на руска територија може да биде кој било британски воен капацитет и опрема на територијата на Украина и пошироко“*, се вели во соопштението на руското Министерство за надворешни работи по составот.

*САД* и нивните сојузници претходно ги квалификуваа своите испораки на оружје со долг дострел за *Киев*, велејќи дека тоа може да се користи само на територии што Украина ги смета за свои како: *Крим, Доњецк, Луганск* и регионите *Херсон* и *Запорожје*. Според руското Министерство за надворешни работи, спротивните изјави на **Камерон** *„де факто ја признаваат неговата земја како страна во конфликтот“*.

*Русија* ги разбира коментарите на Камерон како *„доказ за сериозна ескалација и потврда за зголеменото учество на Лондон во воените операции на страната на Киев“*, додаваат од министерството.

**Кејси** беше повикан *„да ги разгледа неизбежните катастрофални последици од ваквите непријателски чекори од Лондон и веднаш на најодлучен и недвосмислен начин да ги побие воинствените провокативни изјави на шефот на британската дипломатија“*.

Во Министерството за надворешни работи беше поканет и францускиот амбасадор **Пјер Леви**. *Москва* сè уште не ги соопшти деталите за средбата.

# Американците се подготвуваат за граѓанска војна во следните пет години



Последното истражување на компанијата *„Расмусен рипортс“* откри дека дури 41 отсто од Американците веруваат оти во следните пет години во *САД* ќе избувне втора граѓанска војна, меѓу кои и 16 отсто, кои сметаат дека таквото сценарио е многу веројатно.

49 отсто од нив не сметаат дека е веројатна нова граѓанска војна до 2029 година, вклучително и 20 отсто, кои велат дека воопшто не е веројатна. Уште 10 отсто од испитаниците не се сигурни.

Со протести на американските универзитети и повици за *„социјална реконструкција на Америка“*, но и со знаење дека демократските донатори ги финансираат овие протести, во *САД* преовладува впечатокот дека радикалната левица ја уништува земјата на контролиран начин, па резултатите од анкетата не се изненадувачки.






# Нов Зеланд и Германија договорија соработка на Антарктикот



*Нов Зеланд* потпиша меморандум за разбирање со германскиот институт **Алфред Вегенер** за да се поттикне соработката на *Антарктикот*, изјави министерот за надворешни работи **Винстон Петерс**.

Како што јави *ДПА*, **Питерс** имаше средба со неговата германска колешка **Аналена Бербок** во најголемиот град во *Нов Зеланд, Оукланд*, каде што присуствуваа на потпишување на договор меѓу *Антарктик Нов Зеланд* и Институтот *Алфред Вегенер*.

*Антарктик Нов Зеланд* е владина агенција одговорна за спроведување на активностите на *Нов Зеланд* на *Антарктикот*, со поддршка на водечката светска наука и заштита на животната средина.

*– Антарктикот е од голем геостратешки и научен интерес и овој аранжман ќе ги прошири врските меѓу нашите институти за морска и поларна наука,* рече **Петерс**.

Двајцата дипломати разговараа и за потребата од итен прекин на војната во *Газа* и за зајакната соработка во *Пацификот*.

*– Нов Зеланд и Германија уживаат заеднички интереси и вредности, вклучувајќи владеење на правото, демократија, почитување на меѓународниот систем и човековите права,* рече тој.

*– Германија е нашиот најголем извозен пазар во Европа. Таа е исто така најважниот научен и иновативен партнер на Нов Зеланд и најголемиот образовен пазар во Европа и извор на значителен број туристи,* нагласи **Петерс**.

**Бербок** се сретна и со министрите **Сајмон Вотс** и **Џудит Колинс**, со кои разговараше за соработката за вселената, науката и климатските промени.

Таа пристигна во *Нов Зеланд* од *Австралија*, каде што се сретна со австралиската министерка за надворешни работи **Пени Вонг** и посети центар за кибер безбедност и позиција на австралиската морнарица во *Аделаид*.

# „РОКСЕТ“ ЌЕ НАПРАВИ КАМБЕК СО НОВА ПЕЈАЧКА ПЕТ ГОДИНИ ПО СМРТТА НА МАРИ ФРЕДРИКСОН





Една од најуспешните шведски поп-групи „Роксет“ најави враќање на сцената со нова пејачка, пет години по смртта на Мари Фредриксон. Основачот на дуото Пер Гесле објави дека закажале турнеја во Австралија во 2025, но дека ова не значи повторно измислување на „Роксет“.

„Смртта на Мари тешко нè погоди сите, беше болна долго време, од 2002. Бевме подготвени за тоа, но беше многу тешко и не знаев како навистина да продолжам“, вели Гесле.

Тој додаде дека по смртта на Фредриксон ги разгледал сите опции и дали е во ред да се доведе друга пејачка.

„Сакам да бидам јасен: целта не е да се замени Мари, туку ова е оддавање почит на хитовите на ‘Роксет‘ пред публиката што ги знае и сака. Не почнувам нов ‘Роксет‘ или нов бенд“, кажа Гесле.

Покрај него, за вокалите ќе биде задолжена неговата долгогодишна соработничка Лена Филипсон.

„Таа ми е пријателка од 1980-тите и е извонредна пејачка. Мислам дека совршено ќе одговара за овој проект“, кажа тој.

„Роксет“ објави десет албуми од 1986 до 2016, и покрај тоа што Фредриксон долго време се бореше со тешката болест.

## ХУМОР - ХУМОР - ХУМОР - ХУМОР

Се вратила некоја жена дома од лекарски преглед на кој и кажале дека ќе живее уште 12 часа. Веста му ја кажала на сопругот и му рекла:

- Бидејќи ова ми е последна вечер, сакам цела ноќ да водиме љубов, страсно да се бакнуваме, да се допираме...

- Лесно ти е тебе да кажуваш, ама ти утре нема рано да стануваш!

* * *

Млад човек му се исповедал на свештеник:

- Оче, се оженив!

- Чедо божје, па тоа не е грев.

- Сеедно оче, јас се каам!



# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1813 Year 37 • Tuesday, 7 May 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот

A AVIO TRAVEL

335 High St Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile
0401 686 970

ВЕЛИГДЕН ВО АВСТРАЛИЈА

МЕЛБУРН:

ОДБЕЛЕЖАНИ 121 ГОДИНА ОД УБИСТВОТОТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ОДГОВОРНОСТА ЗА СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА Е ВО НАШИТЕ РАЦЕ

ОСТРА БИТКА ЗА ГЛАСОВИ ВО ЛЕВИОТ БЛОК

АПАСИЕВ ГО ПОДДРЖУВА ПЕНДАРОВСКИ, А ДИМИТРИЕВСКИ Е ЗА СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА

ПАРТИИТЕ ПОВИКАА НА МАСОВНОСТ НА ИЗБОРИТЕ

МАКЕДОНИЈА ПОВТОРНО ТВОЈА!

МИЦКОСКИ:

ОЧЕКУВАМ НОВИ ИЗБОРНИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ ОД ДУИ

КОЈ ЌЕ ГИ ЗЕМЕ ВО КОАЛИЦИЈА ОВИЕ? „ВРЕДИ" САКА БИНАЦИОНАЛНА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНСКИТЕ ХИМНА, ГРБ И ЗНАМЕ!?


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Кедев на Велигден го освои и Макалу, петтиот највисок врв во светот!




Македонскиот кардиолог Сашко Кедев утрото на Велигден се искачи на врвот Макалу, висок 8.485 метри, петти највисок планински врв во светот и со ова стана првиот Македонец кој се искачал на овој врв. Ова му е неговиот 10-ти врв над 8.000 метри.

Успешната експедиција во која беше и Кедев, ја сочинуваше тим од четворица меѓународни алпинисти и петмина Шерпи. Кедев беше во придружба на искусниот Кили Пемба Шерпа, кој е еден од 10-те непалски планинари кои се искачија на К2 во 2021 година.

Планинарското резиме на Сашко Кедев, покрај Макалу, вклучува искачувања на 10 од 14-те врвови над 8.000 метри. Тоа се Монт Еверест (8.848), Нанга Парбат (8.126), Анапурна (8.091), Чо Оју (8.188), Броуд Пик (8.051), К2 (8.611), Далагири (8.167), Манаслу (8.163) и Лоце (8.516).

На врвот Макалу беше и Наила Киани, првата Пакистанка која се искачила на 11 врвови над 8.000 метри.

## Јован Стојоски сруши државен рекорд стар 40 години!



Македонскиот атлетичар Јован Стојоски сруши нов државен рекорд и ја помести границата на 400 метри со пречки.

Стојоски успеа да го освои првото место на меѓународниот митинг во Марибор и трката 400 метри со пречки ја заврши за време од 53.65 секунди.

Претходно рекордот поставен во 1980 година изнесуваше 55.11 секунди.

Стојоски на фејсбук се пофали дека ова му била само втора трка во животот во оваа дисциплина и дека сега држи дури 9 државни рекорди на Македонија во разни атлетски дисциплини. Живее во Белград.

## ВАНДЕВСКИ СОБОРИ ДРЖАВЕН РЕКОРД ОД 1975



Македонскиот атлетичар Леонид Вандевски го собори националниот рекорд во дисциплината 2.000 метри стиплчес на меѓународен митинг кој изминатиот викенд се одржа во германскиот град Пилхаузен.

Вандевски заврши осмопласиран, истрчувајќи ја патеката со време од 6:00.49 со што го собори претходниот рекорд на Нехат Алуи (6:16.4) од далечната 1975 година.

**СТАДИОНОТ ВО БИТОЛА БЛЕСНА:**

## Пуштени рефлекторите на „Петар Милошевски"!



Стадионот „Петар Милошевски" во Битола конечно блесна во полн сјај. Рефлекторите се завршени, а од денес се пуштени и во употреба.

Фудбалскиот храм кој порано го носеше името Под Тумбе Кафе ќе има одлично осветлување кое може да се види и преку фотографиите, а за се да биде во најдобар ред претстои уште калибрирањето на светилките.

Пелистер се врати во Првата македонска фудбалска лига (ПМФЛ) и голема е веројатноста од есен да гледаме натпревари под рефлектори во Битола.




*Преостануваат уште две кола од ПМФЛ - на 12 и 19 мај*

### ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

**Резултати 31. коло**

| | |
|---|---|
| БРЕРА - БРЕГАЛНИЦА | 1:1 |
| РАБОТНИЧКИ - ТИКВЕШ | 3:1 |
| ШКУПИ - ШКЕНДИЈА | 0:2 |
| СТРУГА - ГОСТИВАР | 1:0 |
| ВАРДАР - МАКЕДОНИЈА ЃП | 1:0 |
| ВОСКА - СИЛЕКС | 2:1 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Шкендија | 31 | 17 | 10 | 4 | 61 |
| 2. Струга ТЉ | 31 | 19 | 4 | 8 | 61 |
| 3. Шкупи | 31 | 16 | 10 | 5 | 58 |
| 4. Тиквеш | 31 | 12 | 6 | 13 | 42 |
| 5. Работнички | 31 | 12 | 5 | 14 | 41 |
| 6. Силекс | 31 | 10 | 11 | 10 | 41 |
| 7. Воска | 31 | 10 | 10 | 11 | 40 |
| 8. Гостивар | 31 | 9 | 13 | 9 | 40 |
| 9. Брера | 31 | 10 | 8 | 13 | 38 |
| 10. Вардар | 31 | 10 | 5 | 16 | 35 |
| 11. Брегалница | 31 | 6 | 9 | 16 | 27 |
| 12. Македонија ЃП | 31 | 7 | 5 | 19 | 26 |

### ВТОРА МФЛ

Резултати од 28. коло

| | |
|---|---|
| БАШКИМИ – ПЕЛИСТЕР | 1:2 |
| БЕЛАСИЦА – ВАРДАР (Н) | 0:0 |
| САСА – КОЖУВ | 1:0 |
| НОВАЦИ – КАРАОРМАН | 6:0 |
| ОХРИД – ДЕТОНИТ | 3:1 |
| ОСОГОВО – СКОПЈЕ | 2:1 |
| ПОБЕДА – АРСИМИ | 0:3 |
| ТЕТЕКС – БЕСА | 0:7 |

**Табела**

| | |
|---|---|
| 1. БЕСА | 73 |
| 2. ПЕЛИСТЕР | 67 |
| 3. ДЕТОНИТ | 56 |
| 4. АРСИМИ | 50 |
| 5. ОХРИД | 42 |
| 6. СКОПЈЕ | 40 |
| 7. ВАРДАР (Н) | 39 |
| 8. БЕЛАСИЦА | 38 |
| 9. БАШКИМИ | 38 |
| 10. КОЖУФ | 37 |
| 11. НОВАЦИ | 31 |
| 12. ПОБЕДА | 28 |
| 13. ОСОГОВО | 26 |
| 14. ТЕТЕКС | 24 |
| 15. САСА | 23 |
| 16. КАРАОРМАН | 15 |


MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES

Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Роналдо ја игра својата најпродуктивна сезона на клупско ниво од 2016 година



Напаѓачот на Саудиска Арабија на Ал Наср, Кристијано Роналдо ја бележи својата најефикасна сезона во последните осум години.

Португалецот сега има 45 гола по натпреварот од 30. коло на фудбалскиот шампионат на Саудиска Арабија. Минатото коло постигна хет-трик против Ал-Вахда (6:0).

39-годишниот Роналдо имаше повеќе голови само во сезоната 2015/16. Тогаш Португалецот, кој настапуваше за Реал Мадрид, постигна 51 гол.

Кристијано потпиша договор со Ал-Наср во јануари 2023 година. Порталот „Трансфермаркт" ја проценува пазарната вредност на играчот на 150 милиони евра.

По победата над Ал-Вахда, избраниците на Роналдо се на второто место во поредокот во првенството на Саудиска Арабија. До крајот на шампионатот Ал-Наср треба да одигра уште четири натпревари.

КУП НА АВСТРАЛИЈА, 6 КОЛО

# Престон Македонија – Сиднам Парк Македонија 2:0



Минатиот вторник Престон Македонија играше во елиминационото коло за купот на Австралија со Сиднам Парк Македонија. И покрај многу шанси двете македонски екипи до крај на регуларниот дел од средбата играа без голови. Победникот беше решен во судиското продолжение, а решавачки беа головите на Вил Бејнам и Чок Дау за победа од 2:0.

Во следното коло за купот на Австралија, Престон Македонија за противник го има стариот лут ривал Саут Мелбурн. Натпреварот ќе се игра во Резерво во вторник, на 21 мај, со почеток во 20 часот.

Регуларната сезона продолжува за Престон во петок, на 10 мај, кога ја пречекува екипата на Лангварин со почеток во 20:30 часот.

ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 13 КОЛО

# Сиднеј Македонија – Бонириг Вајт Иглс 1:0



Тесна победа за Сиднеј Македонија, а единствениот гол на средбата дојде во второто полувреме со кој се освоија трите бода. Сега Сиднеј Македонија е со ист број на бодови како третопласираната екипа на Хакоа Сиднеј.

Во сабота, на 11 мај, Сиднеј Македонија ја пречекува екипата на Блектаун Спартанс со почеток во 19 часот.

ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Маунт Друит | |
| Таун Ренџерс | 32 |
| Нортбриџ Булс | 28 |
| Хакоа Сиднеј | 23 |
| Сиднеј Македонија | 23 |
| Нордерн Тајгерс | 22 |
| Бенкстаун Берис | 20 |
| Блектаун Спартанс | 18 |
| НЈВ Универзитет | 17 |
| СД Раидерс | 17 |
| Бонириг Вајт Иглс | 16 |
| Макартур Рамс | 15 |
| Ридалмер Лајонс | 13 |
| Дулвич Хил | 11 |
| Данбар Роверс | 7 |
| Непеан | 5 |



# Руски Херкул помести воз од 650 тони

Рускиот "снагатор" Денис Вовк успеал од своето место со својата моќ да го помести возот „Сапсан" тежок стотици тони, поставувајќи светски рекорд, соопшти компанијата „Руски железници" (РЖД).

– Денис Вовк во Санкт Петербург од место го помести возот „Сапсан" тежок 650 тони, се вели во соопштението.

Со помош на специјална скала и кабел, спортистот го поместил возот 1,48 метри за 37 секунди.

НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 7 КОЛО

# Стирлинг Македонија – Перт Ред Стар 0:1



Само еден гол беше доволен за гостите да слават победа на Македонија парк. Единствениот гол беше постигнат во 52 минута, а пред крај на средбата Стирлинг Македонија остана и со играч помалку кога Дани Даглас доби втор жолт на средбата и автоматски црвен.

Во сабота, на 18 мај, Стирлинг Македонија гостува кај Балката со почеток во 17 часот.

ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Флореат Атена | 16 |
| Вестерн Најтс | 15 |
| Олимпик Кингсвеј | 14 |
| Фриментл Сити | 13 |
| Бејсвотер Сити | 11 |
| Перт Ред Стар | 11 |
| Стирлинг Македонија | 9 |
| Перт Глори | 8 |
| Армадел | 7 |
| Перт | 7 |
| Балката | 5 |
| Инглвуд Јунајтед | 0 |



НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 10 КОЛО

## Валентин – Бродмедоу Маџик 2:4

Сигурна победа за Бродмедоу во гости со по два гола во двете полувремиња, и во ниту еден момент триумфот не беше доведен во прашање. Како стрелци се запишаа Џејмс Креснар (во 33` и 60` минута) и Ник Качев (42` минута), додека четвртиот погодок во 78 минута беше автогол на домаќинот. Екипата на Валентин постигна два гола во 45 минута и 74-та за конечен резултат од 2:4.

В петок, на 10 мај, Бродмедоу Маџик ја пречекува екипата на Њу Ламбтон со почеток во 20 часот.

ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Ламбтон Џафас | 27 |
| Бродмедоу Маџик | 21 |
| Чарлстон | 18 |
| Валентин | 16 |
| Еџворт | 14 |
| Хамилтон Олимпик | 13 |
| Маитланд | 11 |
| Вестон Воркерс | 10 |
| Кукс Хил Јунајтед | 5 |
| Њу Ламбтон | 4 |
| Лејк Маквори | 3 |
| Адамстаун Розбадс | 2 |

НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 12 КОЛО

## Алтона Маџик Вардар - Хјум Сити 0:2

Кратката серија на победи за Алтона Маџик беше прекината минатава сабота со поразот на домашен терен. Хјум Сити со по еден гол во двете половини сосема заслужено ги однесе трите бода од оваа средба. Во 11 минута Амир Абдала ја затресе мрежата за 0:1.

Во второто полувреме Лојд Исгров во 67 минута го постави конечниот резултат од 0:2.

По оваа средба Вардар е на десеттото место со 13 бодови.

Алтона Маџик Вардар настапи со следниот состав: Кристијан Роси, Матиас Гонзалес, Арон О`Дрискол, Натан Либерто, Дарси Анастасовски, Нух Сехавдиќ, Сад Моукачер, Бул Џуак, Алекс Густ, Мохамед Ел Хавли и Исмаил Хаџи.

Во сабота, на 11 мај, Алтона Маџик Вардар гостува кај Манингам Јунајтед Блуз со почеток во 15 часот.



ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 29 |
| Хајделберг Јунајтед | 26 |
| Авондаел | 26 |
| Хјум Сити | 26 |
| Окли Канонс | 22 |
| Порт Мелбурн | 21 |
| Данденонг Сити | 16 |
| Мелбурн Најтс | 14 |
| Грин Гали | 14 |
| Алтона Маџик Вардар | 13 |
| Данденонг Тандер | 11 |
| Манингам Сити | 9 |
| Сент Албанс Саинтс | 7 |
| Мореланд Сити | 0 |

НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 13 КОЛО

## Сатерланд Шаркс - Рокдаел Илинден 0:3

Рокдаел Илинден го продолжи својот од кон челната позиција на Националната Премиер лига во Нов Јужен Велс, славејќи убедлива победа од 3:0 над локалните ривали Сатерленд Шаркс на натопениот со дожд терен на Сејмур Шо Парк минатава сабота. Стрелци на головите беа: Матју Кордиер во 28` и 56`, Брендан Чолакиан во 47 минута.



Сега Илинден се наоѓа на второто место со еден бод помалку од лидерот Вестерн Сиднеј и со право се смета за еден од најдобрите тимови во лигата.

Во недела, на 12 мај, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Сиднеј ФК со почеток во 15 часот.

ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Вестерн Сиднеј | 30 |
| Рокдаел Илинден | 29 |
| Маркони Сталионс | 28 |
| АПИА Леикард | 25 |
| Сиднеј Јунајтед | 23 |
| Блектаун Сити | 22 |
| Сент Џорџ Сити | 20 |
| Волонгонг Вулвс | 17 |
| Сиднеј Олимпик | 16 |
| Сент Џорџ | 13 |
| Манли Јунајтед | 12 |
| Хилс Јунајтед | 12 |
| НЈВ Спирит | 9 |
| Сиднеј | 8 |
| Сатерланд Шаркс | 8 |
| Централ Кост Маринерс | 7 |

## „Ќе изедам стаорец ако Алкараз некогаш стане наследник на Надал“

Карлос Алкараз, третиот тенисер во светот, веќе некое време не е во форма, а за него се зборуваше и во подкастот „Супер Москато“ на добро познатиот RMC.



Водител на емисијата е поранешниот француски рагбист, денес актер и водител Винсент Москато, кој многу го критикуваше 21-годишниот Шпанец.

- Да не бидам досаден, старите тенџериња прават добри супи, така што тука е Ѓоковиќ, со сите повреди типувам на Ѓоковиќ, изјави Москато.

Тој тврди дека Алкараз се распаѓа.

- Алкараз се „распаѓа“. Го боли подлактицата, изгледа како 78-годишен старец. На 20 години раката не ве боли многу. Го гледате ли Алкараз како наследник на Надал? Слушајте ме, ќе јадам стаорец ако еден ден не биде негов наследник. Ќе освои три Грен слем титули, нема повеќе. Тој е наследник на Анри Леконт.

Алкараз треба да игра на Ролан Гарос каде лани играше во полуфиналето.

## Жителите на Лас Вегас со петиција против Ф1 трка во нивниот град!

Жителите на Лас Вегас и сопствениците на бизниси погодени од трката во Формула 1 (Ф1) што се одржа таму кон крајот на минатата година, покренаа петиција со барање за откажување на трката годинава.



Во петицијата, објавена во локалните медиуми, се тврди дека сопствениците на погодените бизниси изгубиле 30 милиони долари поради продолженото затворање на улиците во градот и придружните проблеми со транспортот.

Дел од организаторите на петицијата тврдат дека поради тоа ги загубиле фирмите и бизнисите. Тие бараат од претставниците на округот Кларк да не издаваат дозвола за трката што е закажана за 23 ноември и да не одобрат затворање на познатиот Лас Вегас Стрип, кој е дел од патеката.

Но шансите за успех на оваа иницијатива се минимални, а локалните власти засега се воздржуваат од коментар.




Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# ФЕРСТАПЕН: ЛАНДО ДОЛГО ЧЕКАШЕ НА ОВАА ПОБЕДА, А НЕМА ДА МУ БИДЕ ПОСЛЕДНА



Втор пат во 2024 година, Макс Ферстапен не триумфираше на една од трките во Формула 1 шампионатот.

Холанѓанецот мораше да се откаже во Австралија поради проблеми со кочниците (победи Карлос Саинц), а во неделата во Мајами, шампионот беше поразен од британецот Ландо Норис. Норис ја постигна првата победа во својата 110. трка во кариерата, а по тој повод зборуваше и Ферстапен.

„Понекогаш победуваш, а понекогаш губиш. Сите сме навикнати на тоа во тркачкиот свет, нели? Денеска ми беше малку проблематично. Дури и на медиум пневматиците не се чувствував удобно. Праевме предност но не на вистински начин. Кога слушнав како Мекларен поминува во боксот, помислив: „Леле, тоа е навистина брзо“. Тој леташе. Тој дел беше навистина тежок за нас“, изјави Макс Ферстапен по трката.

„Многу сум среќен за Ландо. Долго чекаше на оваа победа, а нема да му биде последна. Дефинитивно го заслужи триумфот“, изјави актуелниот шампион во Формула 1.

На прашањето дали оваа трка е одраз на вистинската брзина на надградениот болид на Мекларен, Ферстапен одговори:

„Се надевам дека не!

Во генералниот поредок води Верстапен со 136 бодови, пред Перез со 101, додека Леклер е трет со 98.

Овогодинешниот шампионат во Формула 1 продолжува со Големата награда на Емилија Романа на патеката „Енцо и Дино Ферари“ од 17 до 19 мај.

